

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**август, 2022 година**

## СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3
Број на работници во индустријата ........ 4
Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 5
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5
Инфлација ........ 6
Берзански цени ........ 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ........ 9
Увоз ........ 11
Салдо на трговска размена ........ 11
Валутна структура ........ 12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ........ 12
Буџетски расходи според економската класификација ........ 14
Расходи по буџетски корисници ........ 15
Буџетско салдо ........ 16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 17
Плати ........ 18
Пензии ........ 18

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ........ 19
Депозитен потенцијал ........ 19
Кредити на банките ........ 21
Каматни стапки на депозитни банки ........ 21
Пазар на капитал ........ 21
Девизни резерви ........ 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

август, 2022 година

- Индустриското производство во август 2022 година забележа раст од 0,2% во споредба со истиот месец претходната година;

- Потрошувачките цени во август регистрираа забрзан годишен раст од 16,8%, а на месечно ниво се зголемија за 1,3%;

- Во периодот јануари - август 2022 година, извозот забележа раст од 18,3%, а увозот раст од 26,2%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 47,7%, споредено со истиот период од 2021 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – август 2022 година изнесуваа 156.974 милиони денари, односно 19,5% од БДП, што претставува повисоко остварување за 13,2% во однос на истиот период од 2021 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – август 2022 година изнесуваа 168.104 милиони денари, односно 20,9% од БДП, што е за 2.3% повеќе во споредба со истиот период претходната година;

- Вкупните кредити на банките во август 2022 година се зголемија за 9,7% во споредба со август 2021 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 1,7%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во август 2022 година забележа раст од 0,2% во споредба со истиот месец претходната година. Растот во август 2022 година се должи на зголеменото производство во секторите Рударство и вадење камен (2,4%) и Преработувачка индустрија (2,5%), додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележан е пад од 11,5%.

Графикон 11: Индустриско производство (стапки на раст во %)




Извор: ДЗС

Раст на производството во август 2022 година бележат 16 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 58,0% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во август 2022 година е забележан кај производството на електрична опрема од 19,3% со придонес од 1,2 п.п., производството на машини и уреди од 4,5% со придонес од 0,3 п.п. и кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки од 29,1% со придонес од 2,3 п.п.. Од традиционалните гранки зголемување на производството во август 2022 година се забележува кај: производството на пијалаци од 11,1% со придонес од 0,4 п.п., производството на текстил од 22,3% со придонес од 1,2 п.п., производството на облека од 8,3% со придонес од 0,6 п.п., и производството на кожа од 33,9% со придонес од 0,2 п.п., додека прехранбената индустрија регистрираше пад од 7,8% со придонес од -0,8 п.п., а производството на тутунски производи се намали за 68,9% со придонес од -1,5 п.п..

Графикон 12: Структура на растот на индустријата (придонеси во п.п.)




Извор: ДЗС

Раст на производството според намената на произведените единици во август 2022 година е последица на зголеменото производство во следните гранки: Капитални производи од 13,1% со придонес од 2,3 п.п., Трајни производи за широка потрошувачка од 12,8% и придонес од 0,6 п.п. и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,6% со придонес од 1,3 п.п., додека намалување на производството бележат гранките Енергија од 9,4% со придонес од -0,9 п.п. и Интермедијарни производи, освен енергија од 4,8%, придонес од -1,6 п.п..

На кумулативна основа, во периодот јануари – август 2022 година индустријата забележа раст од 1,1%, што се должи на зголеменото производство во секторите Рударство и вадење камен од 8,1% (придонес од 0,8 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 9,3% (придонес од 0,8 п.п.), додека секторот Преработувачка индустрија бележи пад од 0,6% (придонес од -0,5 п.п.) во



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

анализираниот период. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има Вадење руди на метал од 0,8 п.п. при раст од 17,0%.

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – август 2022 година е регистриран во гранките Енергија (12,3%), Капитални производи (2,7%) и Трајни производи за широка потрошувачка (20,9%), додека гранките Интермедијарни производи, освен енергија и Нетрајни производи за широка потрошувачка бележат пад од 2,0% и 1,5%, соодветно.







## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во август 2022 година е намален за 0,9%. Падот се должи на намалениот број работници во секторите: Рударство и вадење камен од 3,5% и Преработувачка индустрија од 0,8%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи раст од 0,2%. Сепак, постојат гранки со релативно висок раст на вработеноста, како што се производство на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 7,9%, производство на хемикалии и хемиски производи со раст од 7,4% и производство на електрична опрема со раст од 5,9%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во август 2022 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека падот е резултат на намалениот број работници во групите Енергија од 6,0% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 5,1%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – август 2022 година бележи пад од 1,6%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење камен од 3,1%, Преработувачка индустрија од 1,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,2%.




Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари – август 2022 година е намален во групите Енергија и Нетрајни производи, а падот е најизразит во групата Нетрајни производи за



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

широка потрошувачка од 5,9%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во август 2022 година е поповолна споредено со јули 2022 година, а понеповолна во однос на истиот месец од 2021 година.



**Графикон 15:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во август изнесува 66,1% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со претходниот месец кога изнесувало 66,0%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 4,8 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во август имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 20,1%, недоволната странска побарувачка со 17,3%, неизвесното економско опкружување со 15,5% и недоволната домашна побарувачка со 12,4%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во август 2022 година во однос на јули 2022 година е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на претходниот месец, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во август 2022 година издадени се вкупно 378 одобренија за градење, што претставува раст од 37,0% во однос на истиот месец од 2021 година. Споредено со јули 2022 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 10,4%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во август 2022 година на годишна основа е повисока за 47,6%, а во однос на претходниот месец истата бележи пад од 37,6%.

Графикон 1.6: Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*



Извор: ДЗС.

Графикон 1.7: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(август 2022)*



Извор: ДЗС.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 172 (или 45,5%) се наменети за објекти од високоградба, 102 (или 27,0%) за објекти од нискоградба и 104 (или 27,5%) за реконструкција на објекти.

Графикон 18: Предвидена вредност на објектите по региони (во милиони денари)




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 378 издадени одобренија за градба, на 196 објекти (или 51,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 182 објекта (или 48,2%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во август 2022 година, предвидена е изградба на 514 станови со вкупна корисна површина од 48.041 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 43,3%, а на годишно ниво за 67,5%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во август регистрираа дополнителен забрзан годишен раст од 16,8% (16,0% во јули 2022 година), што главно се должи на растот на цените на енергенсите и на храната којашто регистрира зголемување како резултат на високиот раст на увозните цени поради растот на цените на примарните производи на светските берзи. Цените на енергенсите во последните месеци се зголемија како резултат на зголемувањето на цената на струјата со одлука на РКЕ во два наврата, односно зголемување на цената на струјата за домаќинствата за 9,48% и укинување на дневната евтина тарифа во јануари, и воведувањето на новиот блок тарифен модел за цената на електричната енергија за домаќинствата кој важи од први јули 2022 година. Со мал придонес се одрази и одлуката за зголемување на крајната цена на испорачаната топлинска енергија во просек за 14,05% во јануари 2022 година и 14,18% во август 2022 година.

Базичната стапка на инфлација (инфлација во која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во август регистрира зголемување кое изнесува 8,1% на годишна основа, при што најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категоријата Ресторани и хотели.

Графикон 19: Инфлација според COICOP (стапки на раст во %)



Извор: ДЗС.

Кумулативно, во првите осум месеци од годината потрошувачките цени регистрираа раст од 11,6% на годишно ниво.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество (со придонес во растот од 10,0 п.п. во август) при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 25,1% (23,6% претходниот месец) на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: цените на лебот и житните производи (44,1%), на

млекото, сирењето и јајцата (26,9%), на месото (23,3%) и на зеленчукот (13,6%). Цената на маслото во август регистрира заголемување од 46,7%.

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во август 2022 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 24,2%.

Раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Транспорт од 17,4%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 16,9%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 9,9%, Разновидни стоки и услуги од 9,7%, Алкохолни пијалаци, тутун  и наркотици од 8,0%, Рекреација и култура од 5,7%, Здравствена заштита од 3,7%, Облека и обувки од 1,3%, Комуникации од 0,7% и Образование од 0,2%.

Потрошувачките цени во август 2022 година се зголемија за 1,3% во однос на претходниот месец (во јули беше регистриран раст од 1,9%). Највисок придонес кон растот на потрошувачките цени имаа цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци кои регистрираа раст од 2,8% на месечно ниво.

Раст на цените има во повеќе категории и тоа: Ресторани и хотели од 7,4%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата од 1,2%, Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива од 0,9%, Разновидни стоки и услуги од 0,6% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици, Здравствена заштита  и Комуникации од по 0,2%. Цените во категоријата Транспорт регистрираа намалување од 5,2% како резултат на намалување на цените на горивата. Намалување на цените е забележано и во категориите: Рекреација и култура од 0,9% и Облека и обувки од 0,8%, додека цените во категоријата Образование останаа непроменети.

Во август 2022 година цените на мало се зголемија за 14,2% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 0,6%. Кумулативно, во првите осум месеци од 2022 година цените на мало се зголемија за 11,4% во однос на истиот период минатата година.



Графикон 1.10: Структура на инфлацијата според СОИЛП (придонеси во п.п.)
Извор: ДЗС.

Во еврозоната, стапката на инфлација во август 2022 година регистрира натамошен забрзан раст и е на историски највисоко годишно ниво од 9,1% (8,9% во јули). Растот на цените се должи на значителниот раст на цената на енергијата од 38,3% (39,6% во јули), следен од порастот на цените на храната, алкохолот и тутунот од 10,6% (9,8% во јули), неенергетските индустриски добра од 5,0% (4,5% во јули) и услугите од 3,8% (3,7% во јули). Согласно остварените стапки на раст како и очекувањата за движењето на цените на храната и нафтата на светските берзи и воениот конфликт меѓу Русија и Украина, ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока и, согласно проекциите од јуни, стапката на инфлација во 2022 година би достигнала 6,8%, 3,5% во 2023 и 2,1% во 2024 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во август 2022 година, споредено со претходниот месец, се намали за 9,5% и изнесува 98,6 долари за барел. Цената на суровата нафта е највисока во последните неколку години, како резултат на војната помеѓу Русија и Украина односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји против Русија и можните контрасанкции од страна на Русија, меѓутоа во јули цените забележаа пад како резултат на зголемените стравувања за глобална рецесија и воведените карантини во Кина кои можат да предизвикаат намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 40,8%.

Графикон 1.11: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
(цена во долари/барел; стапка на раст во %)




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во август 2022 година цената на природниот гас регистрираше раст од 31,6% на месечно ниво. Цената на природниот гас од април 2021 година континуирано регистрира високи стапки на раст како резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското закрепнување од пандемијата, меѓутоа во ноември 2021 година индексот регистрираше пад, за да на крајот од годината повторно регистрира раст. На почетокот на 2022 година цената на природниот гас регистрираше пад, а причината за падот е привременото и привидно намалување на тензиите меѓу Русија и Украина, меѓутоа по нападот на Русија цената на гасот регистрираше забрзан раст. Сепак, и покрај ситуацијата, испораката на руски природен гас во Европа е непрекината, но санкциите предизвикуваат загриженост поради прекини во снабдувањето, а со тоа и рекорден раст на цената на гасот. На годишно ниво, цената на природниот гас во август регистрираше зголемување од 249,7%.

Графикон 1.12: Промена на цената на природниот гас
(базичен индекс; стапка на раст во %)




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Графикон 1.13: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

Цената на електричната енергија според Унгарската берза на



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

електрична енергија (HUPX) во август 2022 изнесува 495,3 евра за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 33,5%, додека во споредба со август претходната година истата е зголемена за 354,3%.

Во август, основните метали бележат месечен раст на цената, освен калајот, чија цена во август бележи пад од 2,9%. Така, цената на цинкот се зголеми за 15,5%, на бакарот за 5,8%, на оловото за 4,4%, на никелот за 2,7% и на алуминиумот за 0,9%. Цената на железната руда регистрираше раст од 0,3%.

Од почетокот на 2022 година цената на златото регистрираше нагорни стапки на движење, меѓутоа во април истата регистрираше пад кој траеше до јули, за да во август повторно забележи раст од 1,8% на месечна основа. Месечен раст на цените забележаа и другите благородни метали, па така цените на платината и на среброто се зголемија за 4,5% и 3,4%, соодветно.

Цената на пченката на светските берзи во август 2022 година се намали за 10,3% на месечна основа, а цената на пченицата регистрираше благ пораст од 0,1%.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите осум месеци од 2022 година изнесува 13.291,2 милиона евра и бележи раст од 22,9% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - август 2022 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 0,5 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 60,1%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите осум месеци од 2022 година изнесува 23,1% и е намалено за 3,4 п.п. во однос на истиот период од 2021 година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија (износи во милиони евра)



Извор: ДЗС.

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 (износи во милиони евра)



Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - август 2022 година изнесува 5.396,7 милиони евра и бележи раст од 18,3% (834,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на извозот бележи

[1] Започнувајќи од август 2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

раст од 2,0%.

Вредноста на извезените стоки во август 2022 година изнесува 629,6 милиони евра и бележи раст од 11,2% (63,5 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 3,6% споредено со август 2021 година.




Анализирано на месечно ниво, во август 2022 година извозот бележи пад од 6,0% (39,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 1,0%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (5,0 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - август 2022 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 65,3% од вкупниот извоз на државата.




Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - август 2022 година споредено со истиот период од 2021 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извозници на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има само во групацијата Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 18,0% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 26,7%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 78,7% и 11,7%, соодветно.

---

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извозници на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - август 2022 година изнесува 7.894,5 милиони евра и бележи раст од 26,2% (1.641,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2021 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 3,3%.

Вредноста на увозот во август 2022 година изнесува 979,8 милиони евра, што претставува раст од 21,8% (175,4 милиони евра) во однос на истиот месец од 2021 година, а увезените количини стоки се намалени за 24,2% споредено со август 2021 година.




Анализирано на месечно ниво, во август 2022 година увозот бележи раст од 4,4% (40,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 6,5%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (2,1 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извоз и увоз на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2021 | I-VIII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 100,6 | 106,7 | 6,1 | 6,1 |
| Мил.ЕУР | 47,0 | 108,0 | 60,9 | 129,5 |
| Мил $ | 56,3 | 115,2 | 58,9 | 104,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2021 | I-VIII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 771,7 | 844,4 | 72,7 | 9,4 |
| Мил.ЕУР | 347,4 | 758,4 | 411,0 | 118,3 |
| Мил $ | 415,4 | 808,9 | 393,4 | 94,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2021 | I-VIII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 56,6 | 50,9 | -5,7 | -10,0 |
| Мил.ЕУР | 1.075,1 | 1.606,8 | 531,7 | 49,5 |
| Мил $ | 1.289,3 | 1.724,5 | 435,1 | 33,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2021 | I-VIII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 23,7 | 20,8 | -2,9 | -12,2 |
| Мил.ЕУР | 136,5 | 125,0 | -11,5 | -8,4 |
| Мил $ | 163,8 | 134,4 | -29,4 | -18,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2021 | I-VIII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 481,8 | 475,0 | -6,8 | -1,4 |
| Мил.ЕУР | 485,6 | 596,0 | 110,4 | 22,7 |
| Мил $ | 581,3 | 645,1 | 63,8 | 11,0 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VIII-2021 | I-VIII-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 479,3 | 514,8 | 35,5 | 7,4 |
| Мил.ЕУР | 339,5 | 464,6 | 125,1 | 36,8 |
| Мил $ | 406,1 | 502,2 | 96,1 | 23,7 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - август 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 47,7% односно 806,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во август 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 47,0% односно 111,9 милиони евра споредено со август 2021 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со горива и мазива и храна и пијалаци, како и од намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
(износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - август 2022 година, 95,6% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Турција, Србија, Русија, Полска, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Шпанија, Унгарија, Белгија и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 89,5% од трговската размена во периодот јануари - август 2022 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2021 година претставува намалување за 1,4 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,0% и 87,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,7 п.п., а кај увозот за 1,1 п.п. во однос на периодот јануари – август 2021 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-VIII-2021 | | | | | I-VIII-2022 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич.000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 3.409,6 | 5.554.001.369 | 61,6252 | 342.266.445.149 | 88,8 | 3.587,8 | 6.928.071.885 | 61,6392 | 427.040.808.527 | 87,8 | 1.374.070.516 | 24,7 |
| УСД | 1.543,7 | 774.643.665 | 51,2797 | 39.723.494.743 | 10,3 | 1.203,1 | 975.768.911 | 57,4504 | 56.058.314.271 | 11,5 | 201.125.247 | 26,0 |
| ГБП | 1,1 | 11.354.869 | 71,1297 | 807.668.421 | 0,2 | 1,1 | 12.851.711 | 73,1015 | 939.479.381 | 0,2 | 1.496.842 | 13,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.954,4 | | | 382.797.608.313 | 99,1 | 4.792,0 | | | 484.038.602.179 | 99,5 | | |
| вк.извоз: | 4.966,9 | | | 385.273.450.560 | 100,0 | 4.801,2 | | | 486.633.298.952 | 100,0 | | 26,3 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – август 2022 година изнесуваа 156.974 милиони денари, односно 19,5% од БДП, што претставува повисоко остварување за 13,2% во однос на истиот период од 2021 година. Ова е деветнаесетти последователен месец во кој е забележан годишен раст на приходите, кој во август изнесува 12,7%, откако претходно во јуни и јули е остварен раст од 18,2% и 5,2%, соодветно. Растот е резултат и на пониските приходи во овој период претходната година.

Даночните приходи се реализирани во износ од 91.626 милиони денари и се повисоки за 15,2% во однос на периодот јануари – август 2021 година, што се должи на високиот раст на приходите од данокот на додадена вредност (ДДВ), увозните давачки, данокот на добивка и персоналниот данок на доход.

Графикон 3.1: Приходи по категории
(износи во милиони денари)




Извор: МФ.

Приходите од ДДВ имаат најголемо учество од 45,6% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 41.768 милиони денари, што претставува зголемување од 13,1% во однос на истиот период претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 71.314 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 29.545 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 27,0%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 53,5% споредено со периодот јануари – август 2021 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 29,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 20,2%.

Акцизите се остварени во износ од 16.896 милиони денари (учество од 18,4% во даночните приходи), што претставува зголемување од 2,5% во споредба со периодот јануари – август 2021 година. Со тоа, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 58.664 милиони денари, што претставува 64,0% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – август 2022 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 14.603 милиони денари и бележат раст од 16,2% на годишна основа. Притоа, 65,6% од приходите се од плата и други лични примања, 8,6% од приходи од капитал, 8,0% од приходи по основ на договор за дело, 6,4% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,4% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – август 2022 година имаат остварен износ од 11.391 милион денари, што претставува зголемување од високи 46,0% во однос на истиот период претходната година, како резултат на поволните остварувања кај даночните биланси коишто бележат значително зголемување за 49,3%, како и кај месечните аконтации коишто се зголемени за 49,9%.

Приходите од царина се остварени во износ од 6.529 милиони денари и забележаа зголемување од 21,6%. Приходите од други даноци се остварени во износ од 439 милиони денари во периодот јануари – август 2022 година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 49.272 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 8,2% споредено со периодот јануари – август претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за вработување е повисока за 8,3%, кај придонесите за здравствено осигурување за 8,2%, и кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 8,2%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 11.097 милиони денари и во однос на периодот јануари – август 2021 година забележаа повисоко остварување за 27,3% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 1.665 милиони денари, што е зголемување за 2,5 пати во однос на периодот јануари – август минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.938 милиони денари и се пониски за 41,5% во однос на периодот јануари – август 2021 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – август 2022 година изнесуваа 168.104 милиони денари, односно 20,9% од БДП, што е за 2,3% повеќе во споредба со истиот период претходната година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 157.252 милиона денари учествуваат со 93,5% и се зголемени за 4,1% во однос на периодот јануари – август 2021 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 21.101 милион денари, што претставува зголемување за 2,9% на годишна основа, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,6%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.624 милиони денари и споредено со истиот период од 2021 година забележаа раст од 4,7%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 117.104 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 4,7% споредено со периодот јануари – август 2021 година и учествуваа со 69,7% во вкупните расходи.



Графикон 32: Расходи по категории
(износи во милиони денари)

Во рамки на трансферите, раст од 6,7% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 85.008 милиони денари, со што истите учествуваат во вкупните расходи со 50,6%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 51.239 милиони денари, што е зголемување за 7,7% споредено со периодот јануари – август 2021 година и учествуваат со 30,5% во вкупните расходи. Во категоријата Други трансфери е регистриран раст од 1,7%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 16.069 милиони денари и се намалени за 0,8%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 13.112 милиони денари, забележаа раст од 3,4% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 10.852 милиона денари со структурно учество од 6,5% во вкупните расходи, така што забележаа пониска реализација од 18,1% во споредба со периодот јануари – август 2021 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – август 2022 година реализираше 35.698 милиони денари или 65,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,5%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 24.443 милиони денари или 69,9% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,8% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 61,7% (8.145 милиони денари) од планираните за 2022 година.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – август 2022 година реализираше вкупно 6.077 милиони денари, односно 41,5% од планираните средства за 2022 година. Притоа, субвенции и трансфери учествува со високи 72,1% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 4.380 милиони денари (36,9% од предвидените средства).

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 17.978 милиони денари, што е 60,9% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (61,8%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 11.113 милиони денари или 64,5% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,2%, за што се потрошени 3.086 милиона денари, односно 62,3% од вкупно предвидените.

Преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4], во периодот јануари – август 2022 година реализирани се 17.616 милиони денари, што претставува 57,2% од предвидените за тековната година. Каматни плаќања (7.415 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 42,1%, а притоа се реализирани 72,6% од планираните. Значајна ставка е и Отплата на главнина за којашто се издвоени 5.341 милион денари (45,9% од планираното), односно 30,3% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Графикон 33: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (јануари – август 2022 година)




Извор: МФ.

Министерството за внатрешни работи во периодот јануари – август 2022 година реализираше буџетски средства во износ од 8.027 милиони денари, што е 67,9% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 65,9%, за што во овој период се реализирани 5.293 милиони денари (64,5% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествува со 22,1% во вкупните расходи, за што во

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

анализираниот период се потрошени 1.772 милиона денари, односно 78,3% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за одбрана вкупно се реализирани 6.007 милиони денари, што претставува 45,6% од сопствениот буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 47,2%, за што се потрошени 2.835 милиони денари или 65,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 28,8%, за што се реализирани 1.729 милиони денари или 48,5% од годишниот план.

Во периодот јануари – август 2022 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 4.859 милиони денари, што претставува 52,9% од планираните средства за тековната година. Од овој износ, доминантно учество (90,4%) отпаѓа на субвенции и трансфери, за што се потрошени 4.394 милиони денари или 55,4% од вкупно планираните средства за 2022 година.

Министерството за здравство во периодот јануари – август 2022 година изврши буџетски средства во износ од 4.036 милиони денари, што е 57,5% од вкупниот буџет за 2022 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество со 57,5%, за што се потрошени 2.320 милиони денари или 77,3% од предвидените средства. Расходите за стоки и услуги се втора најзначајна ставка со учество во вкупните расходи за овој буџетски корисник од 35,6%, за што во овој период се потрошени 1.436 милиони денари или 46,7% од средствата наменети за 2022 година.

Министерството за транспорт и врски во анализираниот период реализираше средства во износ од 1.824 милиони денари, што е 21,1% од вкупниот буџет за тековната година. Капиталните расходи имаат најголемо учество со 59,3%, за што се потрошени 1.082 милиона денари или 14,5% од предвидените средства, додека расходите за субвенции и трансфери (со учество од 31,5% од вкупните расходи) се реализирани во износ од 575 милиони денари или 84,1% од предвидените средства за тековната година.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – август 2022 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 11.130 милиони денари, што претставува 1,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 11.397 милиони денари и претставува 1,4% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари – август 2022 година изнесува 26,0% од планираниот буџетски дефицит за 2022 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување



Графикон 4.1: Преглед на невработени лица (износи во единици)
Извор: АВРСМ.

Во август 2022 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 128.832 новозасновани работни односи. Споредено со истиот месец од 2021 година, вкупниот број новоработени лица е намален за 0,5%, со што се прекина трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи, кој започна во април 2021 година, меѓу другото, како резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.



Графикон 4.2: Преглед на нови вработувања (износи во единици)
Извор: АВРСМ

Од вкупниот број новоработени, 41,1% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во август 2022 година, 16,7% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во август 2022 година изнесува 161.492, од кои 114.934 се активни баратели на работа, а 46.558 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за високи 16,6%. Во однос на јули 2022 година, бројот на невработени е намален за 3.430 лица, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица кој започна во март 2021 година, откако во цела 2020 па сè до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.

Најголем дел од активните невработени лица (60,5%) се градско население, а според половата структура 48,9% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,2%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,2% се со завршено средно образование, додека 8,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,0% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 67,7% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 7,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јули 2022 година оствари годишен раст од 11,5%, а во однос на јуни 2022 година истата е пониска за 0,2%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јули 2021 година се забележува во следните сектори: Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (17,8%), Стручни, научни и технички дејности (17,5%) и Уметност, забава и рекреација (16,3%). Реалните плати во јули 2022 година забележаа годишен пад од 3,9%.

Графикон 43: Просечна нето-плата
(годишни стапки на раст во %)




Извор: ДЗС

Графикон 44: Просечна нето-плата по сектори
(годишни стапки на раст во %)




Извор: ДЗС

Просечната номинална бруто-плата во јули 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година порасна за 11,6%, а на месечна основа истата е пониска за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јули 2022 во однос на јули 2021 година се забележува во следните сектори: Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (18,3%), Стручни, научни и технички дејности (17,8%) и Уметност, забава и рекреација (17,2%). Реалната бруто-плата во јули забележа годишен пад од 3,8%.

## Пензии

Во август 2022 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 329.675 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 68,5% се корисници на старосна пензија, 22,8% се корисници на семејна пензија и 8,7% се корисници на инвалидска пензија.

Графикон 45: Корисници на пензии и просечна пензија
(корисници во единици; просечна пензија во денари)




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во август 2022 година изнесува 16.359 денари и истата е за 3,3% повисока во однос на истиот месец од 2021 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јули 2022 година (последни расположливи податоци) изнесува 51,1%.

Просечната старосна пензија во

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

август 2022 година изнесува 17.689 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.661 денар, а просечната семејна пензија 13.012 денари. За исплата на пензиите во август 2022 година се потрошени 5.321 милион денари, што претставува 49,3% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во август 2022 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 2,5%, откако претходно ја зголеми во четири наврати последователно (во април, мај, јуни и јули за по 0,25 п.п., соодветно) што е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како и последните движења кај инфлацијата и на девизниот пазар. Најновите податоци и очекувања на светските пазари навестуваат постепено стивнување на ценовните притисоци, односно очекувањата за цените на храната се ревидирани надолу, додека кај цените на нафтата се очекува стабилизирање на крајот на 2022 година. На девизниот пазар се забележува значајно стабилизирање во последниот период, но приливот на девизи на менувачкиот пазар во овој период е значително повисок од очекувањата.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (август 2022 година)




Извор: НБРСМ.

Расположливите депозити на 7 дена останаа непроменети во споредба со претходниот месец и изнесуваат 0,45%, откако во јуни Народна банка ја зголеми каматна стапка на расположливите депозити на 7 дена за 0,15 п.п..

## Примарни пари

Во август 2022 година, примарните пари[6] се намалија за 5,0% на годишно ниво. Намалувањето на примарните пари се должи на падот на вкупните ликвидни средства за 10,7%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 1,2%.

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 4,2%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 8,6% и растот на готовите пари во оптек за 0,4%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во август 2022 година се зголемија за 1,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 3,1%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,3%.

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Од аспект на валутата, во август 2022 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се зголемија за 2,3%, додека депозитите во странска валута регистрираа пад од 0,1%,

Вкупниот депозитен потенцијал во август 2022 година оствари раст од 1,7% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се намалија за 6,0% на годишно ниво, додека депозитите во странска валута се зголемија за 12,7%, споредено со истиот месец претходната година.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата бележат пад од 3,8%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 4,6%.




Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 9,5%, а долгорочните депозити се намалија за 8,9%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 54,5%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (август 2022 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***464.643*** | ***1,2%*** | ***1,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *253.149* | *2,3%* | *-6,0%* |
| *Странска валута* | *211.494* | *-0,1%* | *12,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *209.454* | *-0,3%* | *9,5%* |
| *Долгорочни* | *91.584* | *0,7%* | *-8,9%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***408.716*** | ***-0,3%*** | ***9,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *236.816* | *-0,8%* | *8,1%* |
| *Странска валута* | *171.901* | *0,4%* | *12,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *67.652* | *-3,5%* | *16,8%,* |
| *Долгорочни* | *324.618* | *0,4%* | *8,9%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *13.158* | *0,2%* | *4,8%* |

Извор: НБРСМ



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Кредити на банките

Во август 2022 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,3% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон домаќинствата се зголемија 0,4%, додека кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,8%. Од аспект на валутата, во август 2022 година, на месечно ниво денарските кредити се намалија за 0,8%, а девизните кредити регистрираа зголемување од 0,4%.

На годишна основа, во август 2022 година вкупните кредити се зголемија за 9,7%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,7% и раст на кредитите кон претпријатијата од 11,7%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 8,1%, а кредитите во странска валута за 12,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,9%, а краткорочните кредити од 16,8%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во август 2022 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и истата изнесува 4,34%. Каматната стапка на денарските кредити на месечно ниво се зголеми за 0,01 п.п. и изнесува 4,66%, додека каматната стапка на девизните кредити изнесува 3,96% и остана непроменета во споредба со претходниот месец.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити (во %)




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во август 2022 година се зголеми за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 0,69%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,02 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,04%, а каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,01 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,41%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во август 2022 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 23,7% на месечно ниво како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакциите за 67,8%, додека прометот од класичното тргување регистрираше раст од 24,8%.

Вкупниот промет на берзата во август 2022 година изнесуваше 328,5 милиони денари и истиот е намален за 88,3% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10 (промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)




Извор: МБ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

МБИ-10 на крајот на август 2022 година изнесуваше 5.764,57 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 2,0%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше пад од 1,4%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на август 2022 година изнесуваа 3.285,7 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 2,8%, а во однос на август 2021 година регистрираа пад од 11,0%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0